ВО КРАТКИ ЦРТИ

САЊА МИХАЈЛОВИЌ-КОСТАДИНОВСКА

Изданието е објавено со поддршка од Град Скопје

БИБЛИОТЕКА – **Наше маало**

Главен уредник
**Филип Димевски**

Наслов на оригиналот
**Сања Михајловиќ-Костадиновска, Во кратки црти**

**© Сања Михајловиќ-Костадиновска, 2021**
**© Бегемот, 2021**

Лектура
**Ирена Ралева**

Јазична редакција
**Филип Димевски**

Компјутерска обработка
**Бегемот**

Графичко уредување
**Наталија Лукомска**

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забранeто е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

# ВО КРАТКИ ЦРТИ

Сања Михајловиќ-Костадиновска

Бегемот
Скопје, 2021

## СОДРЖИНА

СРЕДБИ И СЕЌАВАЊА ........ 7

ТЕЛА ........ 9
РАЗМИНУВАЊА ........ 10
ЈОВАНЧЕ ........ 12
ЛУЃЕ-СЕНКИ ........ 14
ЛОТО ........ 15
ПОЛНОЌНИ СЕЌАВАЊА ........ 17
КУТИЧЕ СО КОПЧИЊА ........ 18
ВИЗИТА ........ 19
КРЗНОТО ОД ЛИСИЦА НА МАЈКА МИ ........ 21
ПОГЛЕДИ ........ 23

МЕТАМАТЕРИЈА ........ 25

ЗАГУБЕНИТЕ РАСКАЗИ ........ 27
КАКО ГО УБИВ ПИСАТЕЛОТ ШТО МЕ ПРЕСТИГНУВАШЕ
СО ИДЕИТЕ И КАКО СЕ ОТАРАСИВ ОД НЕГОВОТО ТЕЛО ........ 28
ДНЕВНА ДОЗА ПРОЗА ........ 30
ГОСПОДИНОТ Г. ........ 32
НЕПРЕВОДЛИВИОТ РАСКАЗ ........ 34
ПОЧЕТОК-КРАЈ ........ 36
РАСПЛЕТ ........ 38

ЗАМИСЛЕНИ СВЕТОВИ ........ 39

ХУБА-БУБА ........ 41
НАОЧАРИТЕ НА КЛАРК КЕНТ ........ 43
ОНИРИЧЕН РИНГИШПИЛ ........ 45
ГЛУВА ДОБА ........ 47
ТАЈНА ........ 49
ПОД ЌЕБЕТО ........ 50
ЛАЗИ БУБА ........ 51
СКИНАТИ ХУЛАХОПКИ ........ 53
ЗАДУШНИЦА ........ 55
ВО ПЛАКАРОТ ........ 56
МАТРЈОШКИ ........ 58
С ЗА СТОП ........ 59
ПОСЛЕДНАТА ЧЕКАЛНИЦА ........ 60

ВО КРАТКИ ЦРТИ ЗА „ВО КРАТКИ
ЦРТИ“ ОД САЊА МИХАЈЛОВИЌ-КОСТАДИНОВСКА ........ 62

# СРЕДБИ И СЕЌАВАЊА

## ТЕЛА

Ми приоѓаш од зад грб и ми ги затвораш очите. Не знам кој си, треба да погодам. Редам имиња, длабам во сеќавањата, се обидувам да те познаам по мирисот, по рапавоста на кожата, но мракот, како казна за мојата недосетливост, не се трга. Еве, помина веќе еден месец. Некогаш низ свеста ќе ми прелета мислата нагло да се свртам и да ти ја расипам играта, твоето нечујно кикотење да се разлее во гласна смеа на препознавањето, сепак, претпочитам да чекам сам да ми се откриеш. И живееме така. Јас, со превез од раце, ти, со очи во дланките.

## РАЗМИНУВАЊА

Чекаме во различни редови за проверка на рачниот багаж. Мене ќе ми ги скенираат книгата, грицкалката, влошките, конецот за заби... Тебе, можеби, урната со пепел од покојната мајка. Мене во куферот за чекирање, во различни прегради (уште од пред неколку дена), уредно ми е спакувана долната облека, алиштата според приоритет, чорапите во клопче што савршено ги пополнуваат длапките. Ти можеби не носиш голем куфер и патуваш само на кратки релации. Јас поминувам „чиста" бидејќи никогаш не заборавам да ги извадам металните работи. Тебе те застануваат настрана и те претресуваат зашто скенерот панично ја сигнализира твојата небрежност. Јас летам за Франкфурт, каде што преседнувам за Лима. Ти само сакаш безбедно да стасаш до твојата дестинација. Во „фришопот" застанувам да купам чоколади за подарок. Ти не јадеш чоколади и речиси секогаш подаруваш неумесни нешта. Јас

сакам квалитетно да го поминам преостанатото време до летот и стрвнички читам неколку страници од здодевната книга. Ти, веројатно на другата страна од аеродромот, немо гледаш во чевлите на твоите сопатници. Додека јас веќе сум на прагот да влезам во авионот, на микрофоните ќе објават последен повик и ќе го кажат твоето име. Јас ќе ги погледнам облаците пред да заспијам. Ти ќе бидеш некаде.

## ЈОВАНЧЕ

Таа ноќ ги слушнав моите како тивко зборуваат дека ќе нѐ оставаат во шумата. Дека подобро е ѕверовите да нѐ изедат отколку сите да умреме од глад. Воопшто не се вознемирив и не презедов никакви мерки на претпазливост. Само лежев буден и чекав да се раздени за татко ми, без да ме погледне, да ми рече дека ќе оди по дрва и дека овој пат ќе нѐ земе и нас, зашто веќе сме биле големи и редно време било да помагаме.

Не ги мразев. На крајот на краиштата, знаев дека во шумата има куќичка од чоколада и бонбони, а тие ќе останат овде со неиздржливото чувство на вина и со гладот што не ќе успеат да го ублажат. Знаев и дека еден ден ќе се вратам и ќе им простам. Ќе седиме околу трпезариската маса со преполниот пепеларник пред нас и ќе раскажуваме за грешките во минатото, речиси со потсмев. Мајка ми ќе стане и ќе извади некоја подзаборавена тегла со слатко. Татко ми ќе ме погледне право в очи, ќе ме удри по рамото

и гордо ќе забележи колку сум пораснал. Потоа ќе отидам да си легнам, а во дневната соба уште долго ќе остане вклучен телевизорот од каде што ќе се слушаат неразбирливи зборови.